Република Северна Македонија

Министерство за труд
и социјална политика

# КОНФЕРЕНЦИЈА:

# Анти-дискриминација -

# размена на добри практики и предизвици

## Работата на австриските механизми за еднаквост и националните механизми за еднаквост

**21.05.2019 година**

**Хотел Мериот, Скопје**

DRAFT

**Поддржано од:**

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Federal Ministry
Republic of Austria
Labour, Social Affairs, Health and Consumer Protection

# Дневен ред

Целта на конференцијата е да го поддржи процесот на размена на добри практики во областа на промоција на и заштита од дискриминација врз основа на род, попреченост, етничка припадност и повеќекратна дискриминација помеѓу националните и австриските механизми за еднаквост. Конференцијата, исто така, претставува можност за споделување и размена на идеи помеѓу различни засегнати страни, државни и не-државни, за можните начини на подобрување на работата на сите актери во ова поле, особено граѓанското општество.

Конференцијата ќе се состои од една воведна и две работни сесии од кои првата посветена на добрите практики за заштита од дискриминација, со особен осврт на родовата дискриминација и повеќекратната дискриминација каде што родот е вкрстен со други основи, како и предизвиците на механизмите за еднаквост во оваа смисла, и втората, посветеа на добрите практики за заштита од дискриминација врз основа на попреченост и идни предизвици за националните механизми за еднаквост.

**10:00 – 10:15 Поздравни обраќања**

**Опис**: Целта на оваа сесија е да се нагласи важноста на размената на добри практики помеѓу националните институции за заштита на човековите права, тела за еднаквост и соодветни министерства, билатерално и во поширoки мрежи. Заменик министерот за труд и социјална политика ќе ги поздрави учесниците и ќе даде краток опис на националните механизми за еднаквост. Раководителот на Секторот човекова димензија на Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе ја нагласи улогата на Мисијата во градењето на капацитетите на Комисијата за заштита од дискриминација, Народниот правобранител, работата со Националното координативно тело за не-дискриминација и работата на стратешко застапување со граѓанскиот сектор, преку создавање можност за сите нив да разменат значајни информации и искуства со своите соработници.

**Модераторка: Г-ѓа Жанета Попоска**, Национална офицерка за владеење на право, Мисија на ОБСЕ во Скопје

**Говорници: Г. Ѓонул Бајрактар**, Заменик министер за труд и социјална политика и **Г. Алесио Ѕукарини,** Раководител на Секторот човекова димензија на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**10:15-12:00 Размена на добри практики при заштита од родова дискриминација и моментални предизвици при ефективно спроведување на родовата еднаквост во пракса**

***Г. Харалд Фугер, Австриско аташе за труд, социјална политика, здравство и заштита на потрошувачи во земјата***

***Г. Волкер Фреј „Klagsverband" – Асоцијација на граѓански организации против дискриминација***

***Г-ѓа Лаура Вимер, Градот Виена***

DRAFT

***Г-ѓа Светлана Цветковска, раководител на одделение за заштита и превенција од секаков вид на дискриминација при Министерство за труд и социјална политика***

***Г. Игор Јадровски, Хелсиншки комитет за човекови права***

**Опис:** Во фокусот на оваа сесија ќе биде правната рамка на Европската унија во однос на не-дискриминација и родова еднаквост и примери од нејзината имплементација. Ќе се фокусира на моменталната состојба со промоција на родовата еднаквост и заштита од родова дискриминација во Австрија и во национален контекст, нагласувајќи ја работата на институциите врз основа на родот, како и дискусија за идните стратешки приоритети и алатки во областа на родова еднаквост и заштита од повеќекратна дискриминација каде што родот се вкрстува со други основи. Воедно ќе бидат дискутирани и искуствата при спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулската конвенција). Поконкретно, во оваа сесија: ќе се претстави работата на австриските механизми за еднаквост и работата на Министерството за труд и социјална политика, институции и тела за еднаквост и не-дискриминација, како и позитивни примери од праксата за промоција на родова еднаквост на регионално ниво (Градот Виена); ќе се нагласат искуствата на телата за еднаквост и граѓанските организации при имплементацијата на законодавството и политиките за родова еднаквост; ќе се обезбеди простор за дискусија за клучните приоритети, добрите практики и идните можни трендови на национално ниво; и ќе се овозможи размена на искуства помеѓу механизмите за еднаквост, граѓанското општество и сите чинители во двете земји, придонесувајќи кон ефективна соработка за промоција на родовата еднаквост, промоција на афирмативни мерки во оваа област и борбата со родово базираното насилство врз жените. Оваа сесија исто така ќе овозможи простор за дискусија за главните пречки за постигнувањето на родовата еднаквост, меѓу кои и родовата разлика во плати. Главен фокус ќе биде ставен на важноста на напорите од страна на двете земји да ја подобрат заштитата од дискриминација и да го промовираат концептот на еднаквост.

**Модераторка**: **Г-ѓа Светлана Цветковска,** раководител на одделение за заштита и превенција од секаков вид на дискриминација, Министерство за труд и социјална политика.

**Говорници: Г. Харалд Фугер**, Австриско аташе за труд, социјална политика, здравство и заштита на потрошувачи во земјата, **Г. Волкер Фреј**, „Klagsverband“- Асоцијација на граѓански организации против дискриминација, **Г-ѓа Лаура Вимер**, Градот Виена, **Г-ѓа Светлана Цветковска**, раководител на одделение за заштита и превенција од секаков вид на дискриминација, Министерство за труд и социјална политика и **Г. Игор Јадровски**, Хелсиншки комитет за човекови права. Сите говорници ќе имаат 15 минути за презентација.

По презентациите ќе има простор за дискусија со учесниците кои ќе имаат можност да ги искажат своите ставови на темите во оваа сесија.

DRAFT

**Прашања кои може да се постават:**

- **На кој начин може двете земји да го подобрат спроведувањето на постоечкото законодавство и заложбите во областа на анти-дискриминацијата?**

- **Која е улогата на владите, телата за еднаквост, меѓу-владините организации, граѓанското општество во поддршката на ефективното спроведување на концептот на еднаквост?**

- **На кој начин можат двете држави подобро да обезбедат ефективно спроведување на законодавството за анти-дискриминација?**

- **Какви мерки постојат за справување со дискриминацијата, особено родовата дискриминација и повеќекратната дискриминација?**

- **Како може споделувањето на добри практики во заштитата од дискриминацијата да води до зголемена еднаквост во двете земји?**

- **Каков напредок е постигнат во поглед на еднаквоста во двете земји, меѓу другото во родовата еднаквост?**

- **Каков напредок е постигнат во поглед на воведување на афирмативни мерки за промоција на родова еднаквост во двете земји?**

- **Каков напредок е постигнат во поглед на спроведувањето на Истанбулската конвенција во двете земји?**

- **Кое е нивото на собирање на податоци (родово разделени податоци)?**

- **Дали постои обврска за  јавниот сектор за промоција на еднаквоста во Австрија?**

- **Кои се научените лекции од спроведувањето на ситуационото тестирање во земјата?**

- **Која е моменталната состојба со промоција на и заштита од родово заснована дискриминација во двете земји? Која е улогата на сите засегнати чинители во подигнувањето на свеста за системската нееднаквост и нејзините корени, зголемувањето на свеста за правата, како и области за напредок?**

- **Како може сите социјални партнери да помогнат во обезбедување на правото на еднаквост за сите луѓе да е заштитено, особено родовата еднаквост? Која е улогата на граѓанското општество во застапувањето за еднаквост? Како може таа да биде зајакната?**

**12:00 – 12:30 Кафе пауза**

Кафе паузата ќе биде искористена за неформално вмрежување помеѓу учесниците.

**12:30-14:30 Размена на добри практики за заштита од дискриминација заснована на попреченост и на моментални предизвици во поглед на целосното спроведување на моделот за независно живеење на лицата со попреченост**

DRAFT

*Г. Ханс-Јорг Хофер, Австриски Омбудсман за попреченост*

*Г-ѓа Патриција Хајндл-Ковач, Австриски Одбор на Омбудсманот*

*Г-ѓа Лидија Крстевска Дојчиновска, членка на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата за права на лицата со попреченост*

*Г-ѓа Елена Кочоска, Полио плус – движење против хендикеп*

**Опис:** Оваа сесија ќе се фокусира на моменталната ситуација со заштита од дискриминација врз основа на попреченост во Австрија и во националниот контекст, како и овозможување на дискусии за идните стратешки приоритети и алатки во областа на еднаквоста врз основ на попреченост. Поконкретно, во оваа сесија: ќе се претстави работата на австриските механизми за еднаквост и Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, за заштитата од дискриминација врз основа на попреченост. Истовремено, во оваа сесија ќе се разговара за идните стратешки приоритети во поглед на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост (CRPD) и завршните согледувања на Комитетот за двете земји; ќе се нагласат искуствата на телата за еднаквост и граѓанското општество во спроведувањето на законодавството и политиките за заштита од дискриминација врз основ на попреченост; ќе се обезбеди простор за дискусија за клучните приоритети, добрите практики и идните можни чекори на национално ниво; и ќе се овозможи размена помеѓу механизмите за еднаквост, сите засегнати чинители и граѓанското општество во двете земји придонесувајќи кон ефективна соработка за промоција на еднаквоста со посебен акцент на попреченоста како основ, во поглед на UN CRPD. Оваа сесија исто така ќе овозможи простор за дискусија за главните пречки за постигнување на еднаквост, меѓу другото, разумно сместување за лица со попреченост, пристапноста генерално, и спроведувањето на афирмативни мерки за лица со попреченост, и собирањето на податоци. Главен фокус ќе биде ставен на важноста на напорите од страна на двете земји да ја подобрат заштитата од дискриминација и да го промовираат концептот на еднаквост.

**Модераторка: Г-ѓа Жанета Попоска**, Национална офицерка за владеење на право, Мисија на ОБСЕ во Скопје

**Говорници: Г. Ханс-Јорг Хофер,** Австриски Омбудсман за попреченост, **Г-ѓа Патриција Хајндл-Ковач,** Австриски Одбор на Омбудсманот, **Г-ѓа Лидија Крстевска Дојчиновска,** членка на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата за права на лицата со попреченост, **Г-ѓа Елена Кочоска,** Полио плус – движење против хендикеп. Сите говорници ќе имаат 15 минути за презентација.

По презентациите ќе има простор за дискусија со учесниците кои ќе имаат можност да ги искажат своите ставови на темите во оваа сесија.

**Прашања кои може да се поставаат:**

- **На кој начин може двете земји да го подобрат спровдувањето на постоечкото законодавство и заложбите во областа на не-дискриминацијата со посебен фокус врз основа**

DRAFT

**на попреченост како и интер-секциска дискриминација врз основ на попреченост и род, возраст и слично?**

- **Која е улогата на владите, телата за еднаквост, меѓу-владините организации, граѓанското општество во поддршката на ефективна имплементација на концептот на еднаквост за лицата со попреченост?**

- **Какви мерки постојат за справување со дискриминацијата, особено дискриминација врз основ на попреченост и интер-секциска дискриминација врз основ на попреченост и род, возраст и слично?**

- **На кој начин можат двете држави подобро да обезбедат ефективна имплементација на законодавството за анти-дискриминација и согласно ООН Конвенцијата за права на лицата со попреченост?**

- **Како може споделувањето на добри практики во заштитата од дискриминацијата врз основ на попреченост да води до зголемена еднаквост во двете земји?**

- **Каков напредок е постигнат во поглед на еднаквоста во двете земји, меѓу другото во еднаквоста за лицата со попреченост?**

- **Каква улога има стратешкото застапување во подобрување на еднаквоста за лица со попреченост во двете земји?**

- **Која е моменталната состојба со промоција на и заштита од дискриминација во двете земји? Која е улогата на сите засегнати чинители во подигнувањето на свеста за системската нееднаквост и нејзините корени, зголемувањето на свеста за правата, како и области за напредок?**

- **Како може сите партнери во општеството да обезбедат дека правото на еднаквост за сите луѓе е заштитено, особено за лицата со попреченост? Која е улогата на граѓанското општество во застапувањето за еднаквост? Како може таа да биде зајакната?**

| | |
|---|---|
| **14:30 – 15:30** | **Пленарна дискусија** |

**Опис:** Сесијата ќе даде можност за сите учесници да ги искажат своите ставови на свете тематски сесии и да предложат препораки за подобрување. Овие препораки ќе бидат искористени за планирање на идни интервенции со механизмите за еднаквост и граѓанското општество во областа на анти-дискриминација.

**Модераторка: Г-ѓа Светлана Цветковска**, раководител на одделение за заштита и превенција на секаков вид на дискриминација, Министерство за труд и социјална политика

| | |
|---|---|
| **15:30 – 16:30** | **Ручек** |

DRAFT